**До: Претседател на Република Северна Македонија**

**Б А Р А Њ Е**

**ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ги барам следните информации од јавен карактер:

**Процент и број на вработените во институцијата поделен по етничка припадност.**

**Органограм со раководни позиции на институцијата и имињата кои ги водат истите**

**Извештај од последниот конкурс за вработување и последниот извештај за унапредување на вработените.**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

**- а) увид**
- б) препис
- в) фотокопија

**- г) електронски запис**
- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил:**
- д) друго ________________________________________
(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 28 април, 2025 година** ______________________________
(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Претседател на
Република Северна Македонија
**КАБИНЕТ**

Врз основа на член 4 и член 20 став (1) и (2) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр. 101/19), а согласно Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РС Македонија" бр. 60/20) и постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, поднесено од [redacted] Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија го донесе следново

**РЕШЕНИЕ**

Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted] на 28.04. 2025 година, **СЕ УВАЖУВА**.

***Образложение***

До Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија на 28 април 2025 година е поднесено Барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] во кое е изразен интерес за следниве информации:

- Процент и број на вработените во институцијата поделен по етничка припадност.
- Органограм со раководни позиции на институцијата и имињата кои ги водат истите
- Извештај од последниот конкурс за вработување и последниот извештај за унапредување на вработените.

Во таа насока, во прилог ги доставуваме бараните документи.

ПРАВНА ПОУКА Против ова решение барателот на информација има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на решението.

Бр. 03-571/2
16.05.2025

**Службено лице за посредување**
**на информации од јавен карактер**

Александар Ѓурчески

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
PRESIDENTI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
КАБИНЕТ-KABINETI
Бр.-Nr. 04-180/2
03.02. 2025 год.-viti
Скопје-Shkup

Согласно член 48 став 4 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/14,199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), како и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр. 11/15 и 35/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 303/20), Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС БР 01/2025**

**за унапредување на административни службеници во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија**

Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија објавува Интерен оглас за унапредување на 2 (два) административни службеници на следните работни места:

1. **УПР 0101Б01000 Државен советник во Кабинетот на претседателот на Републиката за организациони работи - 1 (еден) извршител**

**Посебни услови:**

- ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,
  **Општествени науки**
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа:
  - најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор,
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

**Распоред на работно време:**

работни часови во неделата: 40 часа,

работно време од понеделник до петок

влез 07:30-08:30, излез 15:30-16:30 часот

Паричен износ за основна нето плата 54.233,00 денари

2. **УПР 0101Б02000 Раководител на сектор во Кабинетот на претседателот на Републиката за општи и заеднички работи** – 1 (еден) извршител

**Посебни услови:**

- ниво на квалификациите VI A според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен,

**Општествени науки, право или економија и бизнис**

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- работно искуство, и тоа:
  - најмалку пет години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку осум години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор
- познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски).

**Распоред на работно време:**

работни часови во неделата: 40 часа,

работно време од понеделник до петок

влез 07:30-08:30, излез 15:30-16:30 часот

Паричен износ за основна нето плата 53.229,00 денари

Кандидатите кои аплицираат на интерниот оглас треба да ги исполнуваат следните услови

**Општи услови:**

- да е државјанин на Република Македонија;

- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен;
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна на вршење професија, дејност или должност

На интерниот оглас може да се јави административен службеник вработен во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работно место пропишани за соодветното ниво со Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија, при ова административниот службеник треба да ги исполнува и следниве услови:

- да е оценет со оценка „А“ или „Б“ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас,
- да поминал најмалку две години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавувањето на интерниот оглас.

Заинтересираниот административен службеник, поднесува пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата преку архивата на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија до Одделението за управување со човечки ресурси и до службената електронска адреса на Одделението за управување со човечки ресурси, осносно на следната електронска пошта:n.simonovska@president.mk

Кандидатите кон пријавата покрај доказите за исполнување на општите и посебните услови, можат да ги приложат и следните докази:

- потврди за успешно реализирани обуки
- потврди за успешно реализирано менторство

Рокот за поднесување на пријавата со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на веб страницата на Претседателот на Република Северна Македонија и веб страницата на Агенција за администрација.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

**НАПОМЕНА**: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Ѓорѓи Божинов**

Претседател на
Република Северна Македонија
**КАБИНЕТ**

Бр. 04 – 1440/2
21. 12. 2023
Скопје

ДО
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Скопје

Предмет: Барање за објавување на Јавен оглас бр 01/2023

Почитувани,

Во согласност со член 34 став 1 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14,199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Ве известуваме дека Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија има потреба од објава на Јавен оглас на Вашата веб страница, за вработување на 2 (два) нови административни службеници на следните работни места:

**ЈАВЕН ОГЛАС БР 01/2023**
за вработување на 2 (два) административни службеници во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија

1. **УПР 0101Б01000-ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ВО КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА ЗА НАЦИОНАЛНА БЕЗБЕДНОСТ**- 1 (еден) извршител

Општи услови

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови

- стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен-ОПШТЕСТВЕНИ НАУКИ;

- најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно

искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор

Општи работни компетенции

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Посебни работни компетенции

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

Распоред на работно време

- **Работни денови** понеделник-петок
- **Работни часови неделно** 40 часа
- **Работно време** од 07:30/08:30-15:30/16:30

Паричен нето износ на плата: 51.902,00

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно Годишниот план за вработување за 2023 се: Албанец(ка) 1.

2. УПР 0101Б01000-ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ВО КАБИНЕТОТ НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА ЗА ВНАТРЕШНА ПОЛИТИКА- 1 (еден) извршител

Општи услови

- да е државјанин на Република Македонија,
- активно да го користи македонскиот јазик,
- да е полнолетен,
- да има општа здравствена способност за работното место и
- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана на вршење професија, дејност или должност.

Посебни услови

- стручни квалификации за сите нивоа - ниво на квалификациите VI А според Македонската рамка на квалификации и најмалку 240 кредити стекнати според ЕКТС или завршен VII/1 степен-ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ;

- најмалку шест години работно искуство во струката од кои најмалку две години на раководно работно место во јавен сектор, односно најмалку десет години работно искуство во струката од кои најмалку три години на раководно работно место во приватен сектор

Општи работни компетенции

- решавање проблеми и одлучување за работи од својот делокруг;
- учење и развој;
- комуникација;
- остварување резултати;
- работење со други/тимска работа;
- стратешка свест;
- ориентираност кон странките/засегнати страни;
- раководење; и
- финансиско управување.

Посебни работни компетенции

- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење,
- потврда за положен испит за административно управување,
- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),

Распоред на работно време

- **Работни денови** понеделник-петок
- **Работни часови неделно** 40 часа
- **Работно време** од 07:30/08:30-15:30/16:30

Паричен нето износ на плата: 51.902,00

НАПОМЕНА: Предвидени вработувања согласно Годишниот план за вработување за 2023 се: Албанец(ка) 1.

Ве информираме дека раководно лице на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија, односно Генерален секретар е г. Миле Бошњаковски, со е-пошта: mile.boshnjakovski@presidentoffice.mk и тел. бр.070 248 278

Претседател на
Република Северна Македонија
КАБИНЕТ

НОМИНАЦИЈА НА ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ, НА КОМИСИЈАТА ЗА СЕЛЕКЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ

Ве известуваме дека за член на Комисија за селекција за вработување од организационата единица за управување со човечки ресурси го номинираме административниот службеник:

1. Надежда Видиниќ- Помлад соработник во Кабинетот на претседателот на Републиката за управување на човечки ресурси, со е-пошта: n.simonovska@president.mk и тел. бр. 075 229 566
2. Заменик-член: Светлана Христовска Гогов- Помлад соработник во Кабинетот на претседателот на Републиката за управување на човечки ресурси, со е-пошта:s.hristovska@president.mk и тел. бр. 070 285 415

Член и заменик од организационите единици во кои работни места се пополнуваат

Член: Сузана Костадинова- Државен советник во Кабинетот на претседателот на Републиката за надворешна политика, со е-пошта: s.kostadinova@president.mk и тел.бр. 070 409 178

Заменик-член: Милутин Арсоски- Раководител на одделение во Кабинетот на претседателот на Републиката за јавни набавки, е-пошта: m.arsoski@president.mk и тел. бр. 076 456 644

НАЗНАКА ЗА ОБЈАВА ВО ДНЕВНИ ВЕСНИЦИ

Молиме Јавниот оглас бр 01/2023 да го објавите во следните дневни весници:
- Нова Македонија,
- Слободен печат и
- Коха

РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ
Рокот за пријавување на Јавниот оглас изнесува 15 дена.

Во прилог на ова барање на Ваше запознавање Ви доставуваме:
- копија од Годишниот план за вработување за 2023 година бр. 04-1003/1 од 31.08.2022 година и копија од Балансер со податоци за распределба на бројот на огласени работни места по припадност на заедници за секое работно место

- Позитивно мислење за Годишниот план за вработување за 2023 г. од Министерството за финансии бр. 08-150 /288-2 од 21.09.2022 година
- копија од Годишен план за изменување и дополнување на Годишниот план за вработување за 2023 година бр. 04-116/22 од 22.11.2023 година,
- копија од Балансер со податоци за распределба на бројот на огласени работни места по припадност на заедници за секое работно место,
- Позитивно мислење за Годишниот план за вработување за 2023 г. од Министерството за финансии бр. 08-197/192-2 од 20.09.2023 год. и бр. 08-197/378-2 од 16.11.2023 год.,
- Позитивно мислење за Годишниот план за вработување за 2023 г. од Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците бр. 08-754/2 од 10.10.2023 год., и 08-754/4 од 17.11.2023 год.,
- Позитивно мислење за Годишниот план за вработување за 2023 г. од Министерството за информатичко општество и администрација бр. 09-603/5 од 24.11.2023 год.,
- Правилник за систематизација на работните места во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија бр.04-989/9 од 12.12.2022 год.,
- Извадок од актот за систематизација на работните места со опис на работното место кое се огласува,
- Писмена согласност на Правилникот за систематизација на работните места во институцијата издадена од Министерството за информатичко општество и администрација бр.09-1460/12 од 19.12.2022 год., и бр.09-1460/13 од 19.12.2022 год.,
- Известување за обезбедени финансиски средства за тековната година (2023) издадено од Министерството за финансии бр. 18-13148/2 од 01.12.2023 година,
- Потпишани изјави за обезбедување на тајност и заштита на обработката на личните податоци од страна на членовите на Комисијата за селекција за вработување,
- Решение за овластување за вршење на обработка на личните податоци на членовите на Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас бр.01/2023 бр.04-1440/1 од 21.12.2023 год.

Ве известуваме дека во текот на 2023 година, Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија нема реализирано нови вработувања на административни службеници.

Со почит,

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Миле Бошњаковски

Бр. 04-180/13
19.02.2025
Скопје

Врз основа на член 13 став (2), член 14 став (1) и член 19 од Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ" бр. 30/00, 9/01, 41/10 и 142/13 и „Службен весник на РСМ" бр.160/22), член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр.27/14,199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ" бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), ја донесувам следната

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас бр 01/2025 за унапредување на административни службеници во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија**

1. Кандидатот **Томислав Христов**, по пат на Интерен оглас бр 01/2025 се избира за работно место **УПР 0101Б02000 Раководител на сектор во Кабинетот на претседателот на Републиката за општи и заеднички работи -** 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас бр 01/2025 со архивски бр. 04-180/11 од 17.02.2025 година.

3. Именуваниот/та ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски бр. 19-345/2 од 17.01.2025 година, Генералниот секретар на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија упати барање со архивски бр. 04-180/1 од 03.02.2025 година за започнување на постапка за унапредување на административни службеници. Одделението за управување со човечки ресурси, објави Интерен оглас бр 01/2025 на 04.02.2025 година, на веб страницата на Претседателот на Република Северна Македонија и на веб страницата на Агенцијата за администрација, за унапредување на административни службеници во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија. Во функција на спроведување на постапка за унапредување на административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Генералниот секретар на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со архивски бр. 04-180/8 од 13.02.2025 година, направи административна селекција и одржа интервју со уредните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места

во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција за Интерен оглас бр 01/2025 за унапредување на административни службеници со архивски бр. 04-180/9 од 14.02.2025 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју со архивски бр.04-180/10 од 14.02.2025 година и Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас бр 01/2025 со архивски бр. 04-180/11 од 17.02.2025 година, врз основа на што се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Ѓорги Божинов**

Доставено до:
- именуваниот/та
- одд. човечки ресурси
- архива

Претседател на
Република Северна Македонија
**КАБИНЕТ**

Бр. 04-180/12
19.02.2025
Скопје

Врз основа на член 13 став (2), член 14 став (1) и член 19 од Одлуката за организација и делокруг на работа на Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 30/00, 9/01, 41/10 и 142/13 и „Службен весник на РСМ“ бр.160/22), член 52 став 1 и став 2 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“ бр.27/14,199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22, 208/24 и 210/24), ја донесувам следната

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по Интерен оглас бр 01/2025 за унапредување на административни службеници во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија**

1. Кандидатот **Билјана Стефковска Калчева**, по пат на Интерен оглас бр 01/2025 се избира за работно место **УПР 0101Б01000 Државен советник во Кабинетот на претседателот на Републиката за организациони работи** - 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финалната ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас бр 01/2025 со архивски бр. 04-180/11 од 17.02.2025 година.

3. Именуваниот/та ќе биде унапреден на работното место од став 1 по конечноста на оваа одлука.

4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на добиено известување за обезбедени финансиски средства од Министерство за финансии со архивски бр. 19-345/2 од 17.01.2025 година, Генералниот секретар на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија упати барање со архивски бр. 04-180/1 од 03.02.2025 година за започнување на постапка за унапредување на административни службеници. Одделението за управување со човечки ресурси, објави Интерен оглас бр 01/2025 на 04.02.2025 година, на веб страницата на Претседателот на Република Северна Македонија и на веб страницата на Агенцијата за администрација, за унапредување на административни службеници во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија. Во функција на спроведување на постапка за унапредување на административни службеници, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници, формирана од страна на Генералниот секретар на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административни службеници со архивски бр. 04-180/8 од 13.02.2025 година, направи административна селекција и одржа интервју со уредните кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места

во Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, Комисијата состави Записник од административна селекција за Интерен оглас бр 01/2025 за унапредување на административни службеници со архивски бр. 04-180/9 од 14.02.2025 година, Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници заради спроведување на интервју со архивски бр.04-180/10 од 14.02.2025 година и Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат по Интерен оглас бр 01/2025 со архивски бр. 04-180/11 од 17.02.2025 година, врз основа на што се донесе одлука како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавување на одлуката на веб страницата на Кабинетот на претседателот на Република Северна Македонија.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**
**Ѓорѓи Божинов**

Доставено до:
- именуваниот/та
- одд. човечки ресурси
- архива

Претседател на
Република Северна Македонија
КАБИНЕТ

Бр. 04-6319
02.02.2024

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014,199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/22), ја донесувам следната

**О Д Л У К А**

**за избор на 1(еден) кандидат за вработување на административен службеник за работно место број 1 по пат на јавен оглас**

1. За извршител на работното место број 1 со шифра: УПР0101Б01000 и назив на работното место- Државен советник во Кабинетот на претседателот на Републиката за национална безбедност, се избира кандидатот Бљерим Кољали.
2. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време за горенаведеното работно место по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за работа.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во врска со јавниот оглас објавен на страната на Агенција за администрација и во дневните весници Слободен печат, Нова Македонија и Коха број 680/2023 на 27.12.2023 година, за вработување на административен службеник на неопределено време на работното место по број 1 Државен советник во Кабинетот на претседателот на Републиката за национална безбедност со шифра на работното место УПР0101Б01000, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас спроведе административна селекција со Записник бр. 10-338/3 од 17.01.2024 година. Потоа спроведе Испит за административен службеник со Записник бр.10-338/4 од 29.01.2024 година, по што следуваше и проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник со Записник бр.10-338/6 од 30.01.2024 година.

По спроведување на сите фази на селекција за избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас, Комисијата изготви и достави Конечна ранг листа за избор на кандидат од сите фази на селекцијата и Предлог број 10-338/7 од 30.01.2024 за вработување на кандидати по пат на јавен оглас, врз основа на кои Генералниот секретар на Кабинетот изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена по објавување на истата на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Миле Бошњаковски

Доставено до:
-Избраниот кандидат
-Агенција за администрација
-Архива
-Одд. за човечки ресурси

Претседател на
Република Северна Македонија
КАБИНЕТ

Бр. 04-63/10
02.02.2024

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014,199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018, „Службен весник на Република Северна Македонија бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/22), ја донесувам следната

**ОДЛУКА**
**за избор на 1(еден) кандидат за вработување на административен службеник за работно место број 2 по пат на јавен оглас**

1. За извршител на работното место број 2 со шифра: УПР0101Б01000 и назив на работното место- Државен советник во Кабинетот на претседателот на Републиката за внатрешна политика, се избира кандидатот Флорија Љатифи Малоку.
2. Именуваната ќе биде вработена на неопределено време за горенаведеното работно место по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за работа.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Во врска со јавниот оглас објавен на страната на Агенција за администрација и во дневните весници Слободен печат, Нова Македонија и Коха број 680/2023 на 27.12.2023 година, за вработување на административен службеник на неопределено време на работното место по број 2 Државен советник во Кабинетот на претседателот на Републиката за внатрешна политика со шифра на работното место УПР0101Б01000, Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас спроведе административна селекција со Записник бр. 10-338/3 од 17.01.2024 година. Потоа спроведе Испит за административен службеник со Записник бр.10-338/4 од 29.01.2024 година, по што следуваше и проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник со Записник бр.10-338/6 од 30.01.2024 година.

По спроведување на сите фази на селекција за избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас, Комисијата изготви и достави Конечна ранг листа за избор на кандидат од сите фази на селекцијата и Предлог број 10-338/7 од 30.01.2024 за вработување на кандидати по пат на јавен оглас, врз основа на кои Генералниот секретар на Кабинетот изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа Одлука може да се изјави жалба до Агенција за администрација во рок од 8 дена по објавување на истата на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР
Миле Бошњаковски

Доставено до:
-Избраниот кандидат
-Агенција за администрација
-Архива
-Одд. за човечки ресурси

# Графичкиот приказ на внатрешната организација на Кабинетот на претседателот на Републиката



ВКУПЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ ВО КАБИНЕТ ПО ЕТНИЧКА ПРИПАДНОСТ




Вкупно вработени административни службеници во КПРСМ се 53, од кои:

- Македонци-42 (79 %);
- Албанци- 7 (13%);
- Турци-1 (2%);
- Роми-1 (2%);
- Власи-2 (4%).